**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Третата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржано на 29 декември 1998 година**

Седницата се одржа во просториите на Владата на Република Македони]а, големата сала, со почеток во 11,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Г-динот д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, продолжуваме, со работа по Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов и Љупчо Анушев го имаат оправдано своето отуство од денешната седница, односно ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Втората точка на одложената трета седница беше:

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на Управата

Предлогот на законот и мислењата на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Сакам да Ве известам дека согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој Закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупнот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидајки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томислав Стојановски како еден од предлагачите на Законот поднесе амандман на член 2, член 4 став 1, член 12 во новиот член 125-а, член 13 во новиот член 138-а и на член 13 во новиот член 128-6 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците: Томислав Стојановски, Кирил Андоновски и Горги Тодоров поднесоа амандмани на член 3 за додавање нов став 1 и на ставот 1 и на член 5 во новиот член 120-а став 1 по кои предлагачите на Законот не се произнеле.

Минуваме на Амандман I

Отворам претрес по Амандманот на член 3 за додавње нов став 1 и на ставот 1 поднесен од пратениците Томислав Стојанвоски, Кирил Андонов и Горги Тодоров.

Молам еден од предлагачите на Зкаонот да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кога барав одлагање да не се расправа по овој текст на започнатата Трета седница, од Собранието побарав да ми дадат можност да го усогласиме текстот со Уставот и Законот за локална самоуправа. Тоа го направивме и овие амандмани сега треба да се сметаат како сосртвен дел на Предлогот на законот за измени и дополнување на Законот за Управата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, предлагачот ги прифати овие амандмани. Констатирам дека Амандманот е составен дел на Законот.

Минуваме на Амандман II

Отворам претрес по Амандманот на член 5 во новиот член 120-а став 1 поднесен од пратениците: Томислав Стојановски, Кирил Андоновски и Ѓорги Тодоров.

Молам еден од кандидатите на Законот да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И овој Амандман се прифака, затоа што го прецизиравме постојниот текст на предложениот закон и со тоа сметам дека ќе биде составен дел на Законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман станува составен дел на Текстот на Заасонот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да го ставам односно пред да поминеме на гласање бев замолен од пратеничката група на ПДП, бидејки тие вршат консултации, гласањето да го одложиме кога тие ќе бидат присутни на седницата. Тие имаат некое договарање, па според тоа гласањето ќе го одложиме се додека тие не дојдат во салата.

Минуваме на точка 3

Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија

Предлогот на Законот и Мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидеајки ниокој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидаејќи никој не бара го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некмој против? (17 пратеници)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Според тоа, констатирам дека за Предлогот на Законот гласаа 70 пратеницим, против гласаа 17 пратеници, воздржани нема.

Констатирам дека Собрнаието го донесе Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

Објавувам 15 минути пауза пред да поминеме на гласање по 2 точка од дневниот ред.

(Пауза од 11,20 часот). (По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 11,50 часот)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пред да премиенме на гласање уште еднаш ве потсетувам дека согласно член 95 став 3 од Уставот на Република Македонија овој Закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Во врска со ставот за гласањето претставник на Пратеничката група на ПДП побара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседатесле, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на ПДП во повеќе наврати ги има искажано ставовите во врска со двата предлога за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнуваше на Законот за ораганите на Управата, со Предлог на закон и Предлогот за донесување по итна постапка Закон за изменување на Закон за Владата на Република Македонија.

За жал на денешната седница не ни беше овозможено благовремено да интервенираме и да дадеме наш придонес во смисла на подобрување на текстот на овој Закон, кој што во голем дел според наши оценки се однесува на суштински измени, кои што на некој начин и ќе бидат прифатени од страна на предлагачот. Се работи за една категорија на граѓани за кои што нашата партија односно ние оценуваме дека треба да бидат грижа на Министерството кое се предлага да се формира. Се работи за граѓани државјани на Република Македонија вработени во странство. Ние се надеваме, очекуваме да биде прифатен Амандамнот по однос на ова наше видување.

За жал, мислам дека процедурално денес расправата веќе е отидена далеку и не можеме веднаш да интервенираме, па затоа бараме овие два предлога да се повлечат и Владата да поднесе нов предлог во кој ќе ги вклучи овие наши видувањеа. За тоа бараме разбирање за оваа наша позиција, за да ја имате и поддршката на нашата пратеничка група.

Истовремено, ова е и обид од нашата Пратеничка група за воспоставување на една соработка со Новата Влада, односно желба да се

покаже спремноста на нашата Пратеничка група на нашата партија да се помогнат сите владини предлози кои што ќе значат подобрување на севкупниот амбиент на жиевење во државата. Во оваа смисла е и нашето барање со прифаќање и на нашите сугестии да се направи првиот чекор кон воспоставување на оваа соработка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за сугестиите. Доколку ние ги имавме во претходната фаза пред да ја заклучиме расправата тоа ќе го вклучевме.

Затоа, јас сугерирам тој Амандман да го трансформираме во предлог за измени и дополнувања на Законот кој што евентуално би го донеле денеска и да го вклучиме на наредната седница ако се согласува Пратеничката група. Суштински сметам дека таа измена на Законот за органите на државната управа нема да има никакви проблеми да биде усвоена, но процедурално ние расправата денес ја затворивме и ќе мораме да гласаме, а во вид на закон за измени и дополнувања на Законот кој, евентуално би го донеле, треба да гласаме, на наредната седница да ја усвоиме.

Дали има некое друго размислување, или се согласувате со оваа сугестија?

(Од место даваат согласност на сугестијата).

(Се согласувате)

Има збор г-динот Горѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Дозволете ми да го искористам пратеничкото право на Парламентарната група на СДСМ и да објаснам како ќе гласаме и како ќе гласаме.

Во согласност со принципот кој што го најавивме уште на првата седница на овој Парламент дека секогаш кога СДСМ ќе гласа против некој закон, ќе образложи зошто тоа го прави. Дозволете ми да кажам зошто СДСМ на денешната седница ќе гласа против усвојувањето на овој Закон.

СДСМ односно неговата пратеничка група ќе гласа против усвојувањето на овој Закон, затоа што тој и нуди на Македонија промени во погрешна насока.

Со овој Закон практично Македонија добива 27 министри, односно уште 6 нови министерства со што РМ ќе биде држава која ќе има најголем број министри и министерства во Западна Европа.

Сметаке дека тоа е спротивно од курсот на три основни места.

Прво, спротивно на основната интенција на реформата на државната управа со која што работиме заедно, со институциите од Западна Европа и во која што ни беше сугерирано меѓу другото да дојде до смалување на бројот на министерствата, меѓу другото затоа што во нив се преклопуваат еден огромен број на активности од едно до друго министерство, а не да се отвораат уште 6 нови министерства.

Меѓу другото беше сугерирано дека во голем број од земјите во Западна Европа Министерството за образование, култура и физиччка култура преставуваат едно исто министерство, Министерството за финансии и развој едно исто министерство, Министерството за труд и социјална политика и здравство едно исто министерство. И сугерираа дека е можно всушност, смалат трошоците на државната администрација во Македонија, да се смали бројот на државните функционери и расходите во врска со државните функционери и дека Македонија треба да оди во насоката на смалување на бројот на државните функционери и привилегиите што тие ќе ги имаат.

За жал, спротивно од сето она што дури и владината коалиција, дури ВМРО - ДПМНЕ како главна политичка партија во таа коалиција го ветуваше на изборите сега ни се нуди да имаме 27 министри и толку заменици, 27 министерства и 6 нови министерства и зголемување на бројот на министерсттвата за 1/3 повеќе од оние што досега постоеја во Македонија. Сметаме дека сето тоа е спротивно од сите ветувања, затоа што во Програмата на ВМРО - ДПМНЕ децидно беше кажано дека ВМРО - ДПМНЕ ќе обезбеди рационализирање на структурата на Владата како елемент на целокупната административна реформа. Ова не е рационализирање на структурата на Владата. Пишуваше дека ќе донесе закони од оваа област со кои ќе се изврши хармонизација на нашето законодавство со она на кадровската Унија и пишуваше дека ќе се обезбеди изградба на оптимална во обем, ефикасна и добро платена администрација. Притоа таа администрација требаше да биде деполитизирана, требаше да биде

практично јавен сервис на граѓаните и да биде ефикасна администрација.

Наспроти сето тоа, денеска ни се предлага закон со кој што се отстапува од основните принципи со кои што се одеше во изборната пропаганда. Меѓу другото Пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овој предлог и од една друга причина.Се предлага во овој состав да, имаме практично три нови министерства кои речиси не постојат ниту во една модерна демократска држава. Се предлага да имаме Министерство за информации, или некакво Министерство на вистината од кое што се откажаа многут држави во Светот, затоа што таа свера не подлежи на таков начин на уредување. Таа свера со такво Министерство може да дојде до повисок степен на државна контрола од она што всушност го имала во било кој претходен период од развојот на Македонија.

Второ, ни се предлага некакво министерство за локална самоуправа. Такво министерство не постои во ниту една држава во светот, постојат министерства кои што се нарекуваат минситерства за внатрешни работи и чија што надлежност не е полицијата, туку тоа се министерства за државна администрација и локална самоуправа каде што Минситерството се грижи за реформата на државната самоуправа и води сметка за целокупниот процес на таканаречено регрупирање на кадрите во државната администрација и во дел на локалната самоуправа. Вака како што е замислено Министерството тоа може само да значи мешање на државата во локалната самоуправа, за која што кажуваме дека не е власт, туку е локална самоуправа.

Трето, ни се нуди Министерство за иселеништво какво што не постои во многу држави во Светот. Точно, постои такво Министерство само во Србија кое што се вика Минситерство за Србите вон Србија итн. Меѓутоа досега постоеја можности во рамките на различни министерства, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи кое што се занимава со проблемите на визите и обезбедувањето на сите тие работи кои што им се потребни на нашите државјани во странство , па и Матицата на иселениците тој дел од работите да се покрива мошне ефикасно. Ова е несразмерно зголемување на бројот на министерствата. Не сразмерно зголемување на бројот на државни функционери, не сразмерно зголемување во однос на сето она што постои во Европа, а најмалку во однос на она што постои во државите кои што се по обем како Македонија и по стандард, или по стандард и по можности за обезбедување на средства во Буџетот за финансирње на сите овие активности во наредниот период.

Оттаму, Парламентарната група. на СДСМ ќе гласа против овој Предлог од своите принципиелни причини. Таа промените во Македонија не ги замислува вака.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседател, дами и господа со оглед на тоа што процедурата е до тој степен ние да гласаме сега и деловнички постои можноста во неколку минути да се обрати секој пратеник до Собранието и да каже како ќе гласа. Јас тоа деловничко право сакам да го искористам, побарав збор и за тоа сум благодарен.

Мене не ми е познато дека деловнички има можност пратеничка група да каже пред гласањетоскако ќе гласа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение)

Јас ќе гласам за овој закон од неколку причини. Нема сета сите да ги наведувам, но основната е следната.

Со Уставот извршната власт е лоцирана во посебна ставка. За жал, со тој Устав не се дадени инструментите во целина на вршителите во таа власт да формираат по свое видуваше минситерства. Инаку, во парламентарнтие демократии, а тоа е познато и на позицијата и на опозицијата, носителтие на извршната власт имаат огромна слобода такви министерства , какви агенции или дирекции ќе воспостават или некои други установи.

Оттука, сметам дека овој закон е потребно да биде донесен бидејки видувањето на премиерот е такво , ваков состав на Влада нашол засходно да предложи и таа треба да почне да профункционира. Промените ги изгласа народот и ние сме должни нив да ги отпочнеме. За жал, веќе два месеци по изборите се чувствува извесна блокада. Велам причините лежат длабоко во уставната солуција и оттука мојот апел е во иднина да поведеме и за тоа сметка, па при евентуалната измена на Уставот

тоа да го преиначиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Томислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас користам оваа прилика, како и другите, да кажам како ќе гласам за предложениот закон, од две причини.

Прво, како предлагач да Ви понудма уверување дека со ваквиот распоред на органите на Управата не се менува кој знае што, само се врши прераспоредување на веќе постојните служби во одделни минситерства, допрецизирање, што значи дека кадровски нема да се оптовари повеќе и несразмерно управата.

Вториот дел, и самиот претставник на СДСМ говори дека од одделни министерства се извадени, или само се вршени тие функции, па сега ако тие функции се издвојат во посебна ставка ќе направат посебен трошок. Тоа не е точно, затоа што веќе се вршат, а дали ќе биде едно или повеќе, тоа не е проблем. Функцијата останува од исти извршители.

Понатаму, имаме еден предлог за локалната самоуправа, министерство, што веднаш ни се наложи како потреба ова министерство да стои на позиција да ја доградува локалната самоуправа и да добиеме еден изредактиран, амбиент во државата, да ги надминеме постојните недоразбирања кои доведуваат до секојдневни тензии во одредени места на живеење. Тоа е едно.

Второ, јас давам ветување како предлагач на овој закон дека поставеното прашање од преставникот на ПДП за амандмани што ги предлага дека, ако навистина такви амандмани во законот дојдат после изгласувањето на овој закон, од мое име и од име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата тие амандмани ги прифатиме,

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој деловнички бара збор, во врска со изгласувањето? (Никој)

Ако никој не бара збор, тогаш да преминеме на гласање.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

За предлогот на законот гласаа 85 пратеници.

Дали има некој против?

22 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија со 85 гласа "за", 22 против и ниту еден воздржан го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам треттата седница на Собранието на Република Македонија и давам десет минути пауза за да може да се состане Комисијата за избори и именувања.

(Во салата одекна аплауз)

(Седницата заврши во 12,10 часот).